# КАКВА Е МОЈАТА ОПШТИНА



**Извештај од Истражување за транспарентност и отчетност на општините Охрид и Струга**

Ноември 2014

**Истражувањето „Каква е мојата општина“ се реализираше на подрачјето на општините Охрид и Струга од страна на Локалната агенција за развој (ЛАР) од Струга.**

**Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Граѓанска мрежа за спречување на конфликт на интереси во јавната администрација“, спроведуван од Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС), Охрид институтот за економски стратегии и меѓународни односи“ (ОИ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), а финансиран од Европската Унија.**

**Содржината на оваа студија во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија и организациите-партнери (ИДСЦС, ОИ, МИМ и ЛАР).**

# 1. ВОВЕД

Проектот „Каква е мојата општина“ имаше за цел да го истражи нивото на свесност на граѓаните за траспарентноста и отчетноста на општините Охрид и Струга, како и практиките кои ги применуваат овие две локални самоуправи за да ја информираат јавноста и да ја доближат својата работа до граѓаните.

Освен тоа што ќе ја покаже граѓанската перцепција за нивото на транспарентноста во работењето на овие две општини, овој документ има за цел да ги поттикне граѓаните да станат повеќе свесни за својата информираност околу работењето на локалните самоуправи и да даде препораки до општините за подобрување на отчетноста пред јавноста.

Како резултат на истражувањето може да се заклучи дека практиките на транспарентност и отчетност не се непознати за општините Охрид и Струга. Од интервјуата кои ги направивме со повеќе граѓани на овие две општини се потврди дека како најчести алатки кои се користат за информирање на јавноста се вестите во медиумите и информациите кои се објавуваат на општинските веб страници, но сепак граѓаните сметаат дека нивото на транспарентност треба да биде многу повисоко.

Освен мислењето на граѓаните, во истражувањето беа опфатени и самите локални самоуправи односно се испитуваше колку истите преземаат мерки за транспарентност и отчетност пред граѓаните. Во овој дел беше направено деск истражувањето, со кое ги опфативме содржините на општинските веб страници, ги набљудувавме нивните промени и ја истраживме нивната он-лајн архива на информации, кои биле објавени за период од една година.

Резултатите кои се поместени во овој извештај покажуваат дека квантитетот и квалитетот на објавените он-лајн содржини и информации е различен во двете општини. Исто така различно е и нивото на подготвеност или свесност на локалната администрација за користење на веб страницата како корисна алатка за креирањето на јавното мислење кај граѓаните.

# 2. ПОЈДОВНА ТОЧКА

Речиси сите истражувања поврзани со транспарентност, кои до сега се спроведувале на локално ниво во општините Охрид и Струга директно ги опфатиле само претставниците на локалната администрација и го истражуваат нивниот начин на работење и практиките кои тие ги спроведуваат, без да го опфатат мислењето на граѓаните и нивните искуства во поглед на информираноста за работењето на локалната администрација. Во ниту едно истражување нема податоци за тоа каква е нивната информираност за активностите кои ги спороведуваат општините односно каква е нивната перцепција за транспарентност и отчетност во работењето локалната администрација.

Исто така ниту едно истражување до сега не било концентрирано само на начинот на функционирање на општинските веб страници, односно не го испитува нивото на транспарентност и отчетност на општните преку оваа он-лајн алатка. Исто така не се опфатени во детали содржините кои се објавени на веб страниците, нивниот квалитет и квантитет, како и динамиката по која се ажурираат истите.

# 3. ПРИСТАП И МЕТОДИ

Со цел да обезбедиме полесен пристап за нивото на информираност и мислењето на граѓаните за транспарентноста на општините и да обезбедиме поодетелни информации за практиките кои ги спроведува општината за информирање на јавноста, истражувањето го поделивме на два дела:

## ***Прв дел***

Во првиот дел од истражувањето го испитувавме нивото на кое општините Охрид и Струга ги развиле практиките за транспарентно он-лајн работење. За таа цел извршивме деск-испитување односно набљудување на општинските веб-страници за да испитаме колку општините ја користат оваа алатка за да им обезбедат на граѓаните редовни информации за своите активности, односно дали и колку објавуваат одредени содржини кои се наменети за јавноста.

За таа цел беше извршена и контрола на пристапот до инфорамции од јавен карактер кои се објавени на веб страниците, односно дали има објавено контакти на лице одговорно за односи со јавност, дали има јавни телефони и јавно објавени мејлови на општинската веб страница. Се проверуваше дали на општинските веб страници има објавени повици за јавни набавки и дали се достапни стратешки документи како што се Статут, Деловник за работа на советот, Буџет и Јавен гласник на општината. Исто така се истражуваше и дали има објавено листа на информации од јавен карактер, соопштенија, јавни повици и слични содржини кои се од интерес за јавноста. Исто така подетално беа истражени архивите и бројот на објавени вести на општинските веб страници, кои се од интерес за граѓаните. Беше опфатен периодот од една година (односно од 1-ви септември 2013 до 1- ви септември 2014 година) по месеци.

### ***Втор дел***

Вториот дел од истражувањето имаше за цел да го опфати јавното мислење на граѓаните кои живеат во општините Охрид и Струга, за транспарентност и отчетност во нивните општини. Ставовите на граѓаните во врска со оваа тема ги добивме преку анонимни интервјуа, кои ги направивме во текот на изминативе три месеци.

Беа направени интервјуа со пет граѓани на Охрид и со пет граѓани на Струга кои ги избравме по случаен избор. Беа интервјуирани граѓани од сите категории односно млади и невработени лица, млади вработени лица, лица од повозрасна категорија, претставници на бизнис секторот и претставници на невладиниот сектор. Исто така беше направена и една анонимна фокус група односно дискусија со неколку новинари кои во текот на својата секојдневна работа објавуваат вести или прават новинарски истражувања за активностите кои ги спроведуваат општините Охрид и Струга и постојано имаат потреба од пристап до информации од јавен карактер. Интервјуата со граѓаните беа направени врз основа на однапред определни прашања, на кои соговорникот можеше да даде слободен одговор и на сите соговорници им беа поставени 15 исти прашања. Врз основа на одговорите кои ги добивме, подготвивме записници од секое интервју. Содржините на записниците ги употребивме за посочување на квалитетите и слабостите во делот на транспарентноста на општините и предлагање на препораки за нивно надминување.

Во рамки на анонимната фокус група која ја направивме со неколку новинари, беа поставени неколку прашања поврзани со начинот на кој соработуваат со општините Охрид и Струга за прибирање на информации, за тоа колку општините се отворени кон потребите на новинарите и дали редовно и брзо им ги обезбедуваат информациите. Исто така новинарите беа запрашани и за тоа дали се задоволни од информациите кои општините ги објавуваат на своите веб страници и што е она што треба да го променат, како и низа други прашања поврзани со пристапот до информации кои им се секојдневно потребни.

# *4. РЕЗУЛТАТИ*

Заради обезбедување на полесен пристап за нивото на информираност и мислењето на граѓаните за транспарентноста на општините и да обезбедиме поодетелна прегледност за практиките кои ги спроведува општината за информирање на јавноста, резултатите од истражувањето исто така ги поделивме на два дела:

### ***Прв дел***

Во првиот дел ги посочуваме резултатите кои ги добивме во текот на истражувањето на практиките кои ги развиле општините Охрид и Струга за транспарентно он-лајн работење. Во делот на деск набљудувањето на општинските веб-страници проверувавме колку општините ги користат истите како алатка за информирање на граѓаните, односно дали и колку објавуваат одредени содржини кои се наменети за јавноста.

## I. Пристап до информации на веб страница

Како резултат на  контролата на пристапот до инфорамции од јавен карактер кои се објавени на веб страниците, се контролираше целокупната нивна содржина односно со кои основни содржини располагаат истите. При ваквото набљудување се добија различни прикази за општина Охрид и за општина Струга.

### *Општина Охрид

Веб порталот www.ohrid.gov.mk е официјалната интернет страница на општина Охрид на која може да се најдат основни информирации за самата општина и информации за активностите кои истата ги спроведува. Во најгорниот дел на страницата ги има следниве делови: Дома, Формулари, Информатор, Проекти и Набавки. Во централниот дел на страницата е делот „Актуелни вести“ во кој се постираат дневни актуелности. На насловната страница може да се види листа од 15-тина вакви вести.




Од левата страна на страницата е позициониран делот на „Локална самоуправа“ во чии рамки има дел за Основни податоци, Совет на општината, Градоначалник, Администрација, Месна самоуправа, Општи акти, Службен гласник, Јавни претпријатија, Општински инспекторат, Граѓанин, Локален совет на млади, Буџет и ревизија, Јавни набавки и Контакти. Сите овие пооделени категории се активни и во нивните рамки се приложени соодветни информации и линкови.

Веднаш под него е делот „Додатни информации“ каде се поместени посебни делови за Туризам и ЛЕР, Економија и финансии, Здравство и социјала, Образование и наука, Култура, Спорт и рекреација, Животна средина, Сообраќајни врски, Хуманитарни организации, Невладини организации, Верски заедници, Фото галерија и Медиуми. Исто

како и во претходниот дел и во овој дел сите категории се активни и во нив се постирани содветни инфорамции и линкови. Трет по ред од левата страна е делот за Јавни огласи каде што се објавуваат сите јавни огласи и конкурси кои ги објавува општината, а веднаш под него се наоѓа листа на банери од корисни линкови.

Од десната страна на општинската страница има Календар на настани, Листа на останати актуелни информации, Листа на информации од урбанистичката сфера, Информации за даночни обврзници, Фотографија на неделата и останати корисни линкови. На веб страницата се објавени и отворени телефони за јавно осветлување и јавна хигиена како и отворен телефон за пријавување на корупција во општината.

Важно е да се напомене дека сите пооделени делови и линкови на страницата се активни и во нив се поместени соодветни содржини и информации. За тоа говори и следната табела на показатели за корисни инфорамации со кои располага општина Охрид, а кои се важни во делот на транспарентно и отчетно работење:

**Информации објавени на веб страницата на општина ОХРИД**

| ПОКАЗАТЕЛ | ИМА | НЕМА | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Општи контакти и телефони | ИМА | | http://ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=33 |
| Лице за односи со јавност | ИМА | | http://www.ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=30 |
| Отворени јавни телефони | ИМА | | Отворен телефон за јавно осветлување, Отворен телефон за јавна хигиена и Отворен телефон – Пријави корупција |
| Повици ја јавни набавки | ИМА | | http://ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=273 |
| Статут на општина | ИМА | | http://ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=49 |
| Деловник за работа на Совет | ИМА | | http://ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=49 |
| Буџет | ИМА | | http://www.ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=865 |
| Информации за Совет на општина | ИМА | | http://ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=9 |
| Материјали за седици на Совет | | НЕМА | Не се објавуваат материјали за седници на Совет тку само дневен ред за истите |
| Службен гласник | ИМА | | http://ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=52 |
| Листа на информации од јавен карактер | ИМА | | http://www.ohrid.gov.mk/index.asp?novostiID=30 |
| Можност за користење на информации | ИМА | | Текстовите, вестите и информациите може да се копираат |
| Можност за користење на фотографии | ИМА | | Фотографиите во рамки на вестите и информациите се со солидна димензија и може да се копираат |

## **Општина Струга*

Веб порталот www.struga.gov.mk е официјалната интернет страница на општина Струга на која може да се најдат основни информирации за самата општина и информации за активностите кои истата ги спроведува. Во најгорниот дел на страницата ги има следниве делови: Дома, Профил, Градоначалник, Совет, Администрација, Е-Општина и Контакт, кои имаат свои категории. Сите пооделени категории се активни и во нив има објавено соодветни општи инфорамции. Во рамки на левата страна на страницата се наоѓа делот со актуелни вести во кој се постираат дневни актуелности.




На насловната страница се гледаат само двете последни вести кои биле постирани, додека останатите може да се најдат на останатите страници од архивата. Веднаш до делот со актуелни вести се наоѓа делот со „Известувања“ каде што се поместени неколку известувања за граѓаните.

Од десната страна на страницата е поставена алатка „Барај“ која е активна и служи за брзо пребарување на информации на веб страницата. Веднаш под неа се поместени линковите „Пријави проблем“, „Совет на општина Струга“ и „Биро за јавни набавки“ кои не се во функција. Под нив е поставен Извештај за првите 100 дена од владеењето на градоначалникот на општина Струга, кој е активен и може да се отвори.

Под овие линкови е поставен дел со Службени гласници на општината, каде што може да се најдат и да се прочитаат сите службени гласници од 2013 и 2014 година. Подолу се поставени и посебни делови за Систематизација, Стратешки план, Акционен план и Развојни планови на општината кои не се активни. Исто така поставени се и неколку корисни банери и линкови кои се активни и можат да се отворат. Во текот на

набљудувањето утврдивме дека подеднакво како и македонската, функционира и албанската верзија на веб страницата на општината.

Општина Струга не исполнува околу 45% од показателите за транспарентност и отчетност на општинските веб страници кои се мереа во рамки на нашето истражување, а за тоа говори и следната табела:

**Информации објавени на веб сраницата на општина СТРУГА**

| ПОКАЗАТЕЛ | ИМА | НЕМА | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Општи контакти и телефони | ИМА | | http://www.struga.gov.mk/index.php/mk/kontakt |
| Лице за односи со јавност | ИМА | | http://www.struga.gov.mk/index.php/mk/e-komuna/informata-me-karakter-publik |
| Отворени јавни телефони | | НЕМА | Има линк „Пријави проблем", но не е активен |
| Повици за јавни набавки | | НЕМА | Има линк од Бирото за јавни набавки но не е активен |
| Статут на општина | | НЕМА | Нема објавен Статут |
| Деловник за работа на Совет | | НЕМА | Нема објавен Деловник |
| Буџет | ИМА | | http://www.struga.gov.mk/images/dokumente/buxheti%202014%20mk.pdf |
| Информации за Совет на општина | ИМА | | http://www.struga.gov.mk/index.php/mk/keshilli/mandati-2013-2017 |
| Материјали за седици на Совет | ИМА | | Воспоставена е редовна практика за објавување на материјали за седниците кои може да се користат |
| Службен гласник | ИМА | | http://www.struga.gov.mk/index.php/mk/e-komuna/30-informatori-zyrtar |
| Листа на информации од јавен карактер | ИМА | | http://www.struga.gov.mk/index.php/mk/e-komuna/informata-me-karakter-publik |
| Можност за користење на информации | | НЕМА | Текстовите, вестите и информациите не може да се копираат |
| Можност за користење на фотографии | | НЕМА | Фотографиите во рамки на вестите и информациите не се со солидна димензија и не може да се копираат |

## *II. Архива на вести и информации*

Освен основните содржини на веб страниците, во рамки на истражувањето беа подетално проверени и набљудувани архивите на вести и бројот на објавени вести, кои се од интерес за граѓаните. Како резултат на тоа набљудување добивме два различни прикази за објавување на он-лајн вести за општините Охрид и Струга.

## **Општина Охрид*

На општинската страница на општина Охрид во делот на „Актуелни вести“ на насловната страница се поместени 15-тина вести, а најдолу на страницата постои линк „Останати вести“ каде што е содржана целокупната архива на вести, кои биле објавувани дневно во периодот од 2005 до 2014 година. Предмет на нашето набљудување беше архивата на вести во периодот од една година (односно од 1-ви септември 2013 до 1- ви септември 2014 година) За овој период општина Охрид објавила вкупно **984 дневни вести** наменети за информирање на граѓаните.

**Архива на вести-општина ОХРИД**

| **Месец** | **Вкупен број на ВЕСТИ објавени на општинската веб страница** |
|---|---|
| Септември 2013 | 61 |
| Октомври 2013 | 96 |
| Ноември 2013 | 75 |
| Декември 2013 | 72 |
| Јануари 2014 | 65 |
| Февруари 2014 | 65 |
| Март 2014 | 74 |
| Април 2014 | 84 |
| Мај 2014 | 94 |
| Јуни 2014 | 93 |
| Јули 2014 | 114 |
| Август 2014 | 91 |
| **ВКУПНО:** | **984** |

Доколку се погледнат дел од вестите може да се забележи дека истите најчесто се однесуваат за редовни активности кои ги спроведуваат општинските служби, редовни активности на општинските јавни препријатија, најави за реализирање на нови проекти, информации од прес конференции, информации поврзани со проекти и настани каде што е инволвирана општина Охрид. Исто така се објавувале и информации за јавни објави, конкурси и соопштенија кои се од интерес за граѓаните како и најави за одржување на Седници на совет и информации поврзани со одлуките кои биле донесени на седниците на совет, но без целокупните материјали за седниците. Речиси сите вести кои се однесуваат на дневни активности или реализација на одредени проекти содржат и по неколку фотографии во солидна димензија, а текстот на веста може слободно да се копира, што е од голема важност за медиумите кои многу побрзо ќе можат да ја објават таа вест.

## **Општина Струга*

На општинската страница на општина Струга во делот на за актуелни вести на насловната страница се поместени само 2 вести, а најдолу на страницата постои листа од претходни страници каде што е содржана целокупната архива на вести, кои биле објавувани дневно во периодот од мај 2013 и во целокупниот период на 2014 година. Предмет на нашето набљудување беше архивата на вести во периодот од една година (односно од 1-ви септември 2013 до 1- ви септември 2014 година). За овој период општина Струга објавила вкупно **65 дневни вести** наменети за информирање на граѓаните.

**Архива на вести-општина СТРУГА**

| **Месец** | **Вкупен број на ВЕСТИ објавени на општинската веб страница** |
|---|---|
| Септември 2013 | 9 |
| Октомври 2013 | 14 |
| Ноември 2013 | 6 |
| Декември 2013 | 8 |
| Јануари 2014 | 5 |
| Февруари 2014 | 4 |
| Март 2014 | 3 |
| Април 2014 | 3 |
| Мај 2014 | 1 |
| Јуни 2014 | 3 |
| Јули 2014 | 6 |
| Август 2014 | 3 |
| **ВКУПНО:** | **65** |

Доколку се погледнат дел од вестите може да се забележи дека истите најчесто се однесуваат за редовни активности кои ги спроведуваат општинските служби, редовни активности на општинските јавни препријатија, најави за реализирање на нови проекти, информции од прес конференции, информации поврзани со проекти и настани каде што е инволвирана општина Струга. Исто така се објавувале и информации за јавни објави, конкурси и соопштенија кои се од интерес за граѓаните како и најави за одржување на Седници на совет и материјали за седниците. Вестите кои се однесуваат на дневни активности или реализација на одредени проекти најчесто содржат по една мала фотографија, неколку мали фотографии или не содржат фотографија, а текстот на веста не може слободно да се копира, што претставува пречка за медиумите кои треба истата вест да ја препишат, па потоа да ја објават.

## ***Втор дел***

Во рамки на овој дел ги посочуваме резултатите односно одговорите кои ги добивме во текот на испитувањето на јавното мислење на граѓаните кои живеат во општините Охрид и Струга, за транспарентност и отчетност во нивните општини, како и мислењата на новинарите со кои успеавме да поразговараме на оваа тема.

### *I. Граѓанско мислење*

Ставовите на граѓаните во врска со транспарентноста и отчетноста на општините ги добивме преку кратки анонимни интервјуа, кои ги направивме во текот на изминатите три месеци. Беа направени пет анонимни интервјуа во Охрид и пет анонимни интервјуа во Струга, а соговорниците ги избравме по случаен избор притоа водејќи сметка сите интервјуирани граѓани да бидат од различни категории односно млади и невработени лица, млади вработени лица, лица од повозрасна категорија, претставници на бизнис секторот и претставници на невладиниот сектор. Интервјуата беа направени врз основа на однапред утврдени прашања, а одговорите ги пренесуваме описно за двете општини поодделено:

1. **Дали сте информирани за работењето и активностите кои ги реализира општина Охрид/Струга**?

   **-Општина Охрид**

   Соговорниците од сите категории одговорија дека се информирани за  работењето на општината

   **-Општина Струга**

   Соговориците од повозрасната категорија и од бизнис секторот одговорија дека не се информирани за работењето на општината, додека останатите соговорници одговорија дека се информирани, но тоа се многу малку информации.

2. **На кој начин доаѓате до тие информации?**

   **-Општина Охрид**

   Соговорниците од сите категории одговорија дека се информирани за  работењето на општината и информациите ги добиваат претежно од локалните медиуми односно информативните портали, радија и телевизии.

   **-Општина Струга**

   Соговориците од повозрасната категорија и од бизнис секторот одговорија дека информациите за работењето на општина Струга не допираат до нив бидејќи во Струга има многу мал број на медиуми, додека останатите соговорници одговорија дека се информирани најчесто преку интернет.

3. **Дали сте ја посетиле зградата на општина Охрид/Струга?**

   **-Општина Охрид**

   Сите соговорници одговорија дека имале можност да ја посетат зградата на општината

   **-Општина Струга**

   Сите соговорници одговорија дека имале можност да ја посетат зградата на општината

4. **Дали сте ја забележале огласната табла во општината и дали на неа имаше информации?**

   **-Општина Охрид**

   Дел од соговорниците забалежале, а дел не забележале дека во општината има огласна табла со инфорамции

   **-Општина Струга**

   Дел од соговорниците забалежале, а дел не забележале дека во општината има огласна табла со инфорамции

5. **Дали ја отварате веб-страницата на општина Охрид/ Струга и колку често?**

   **-Општина Охрид**

   Соговорниците од општина Охрид, освен повозрасното лице, одговорија дека ја отвараат општинската страница, но тоа не го прават често

   **-Општина Струга**

   Сите соговорници од општина Струга, одговорија дека ја отвориле страницата на општина Струга неколку пати до сега

6. **Дали сметате дека општинската страница има доволно информации, дали е соодветно ажурирана?**

   **-Општина Охрид**

   Соговорниците од општина Охрид, освен повозрасното лице, одговорија дека општинската страница има доволно информации и е редовно е ажурирана

**-Општина Струга**

Сите соговорници од општина Струга, одговорија дека општинската страница нема доволно информации и не е редовно ажурирана и дека вестите не се преведуваат редовно на македонски јазик.

7. **Какви информации имате барано на веб страницата и дали истите ги најдовте во рамки на веб содржините?**

**-Општина Охрид**

Соговорниците од помладата популација ја отварале веб страницата поради љубопитност, а останатите соговорници поради различни потреби од областа на јавните набавки, урбанизмот, контакт телефони и слично. Сите соговорници одговорија дека успеале да ги најдат инфорамциите кои што ги барале.

**-Општина Струга**

Соговорниците од општина Струга ја отварале страницата поради различни потреби од областа на урбанизмот, информации за јавни набавки, информации за одредени општински процедури, соопштенија, повици и слично. Речиси сите соговорници одговорија дека не успеале да ги најдат информациите кои што ги барале.

8. **Дали сте запознаени со правото за пристап до информации од јавен карактер и дали сте го искористиле тоа право?**

**-Општина Охрид**

Дел од соговорниците одговорија дека се запознаени, а дел одговорија дека не се запознаени со ова право, а ниту еден од нив не го искористил правото за пристап до информации од јавен карактер.

**-Општина Струга**

Дел од соговорниците одговорија дека се запознаени, а дел одговорија дека не се запознаени со ова право, а ниту еден од нив не го искористил правото за пристап до информации од јавен карактер.

9. **Дали општина Охрид/ Струга има отворени јавни телефони кои се достапни за граѓаните?**

**-Општина Охрид**

Соговорниците одговорија дека не им е познато дали општината има отворени јавни телефони освен оние кои се службени

**-Општина Струга**

Соговорниците одговорија дека не им е познато дали општината има отворени јавни телефони освен оние кои се службени

10. **Дали сметате дека општина Охрид/Струга транспарентно ги објавува сите информации кои се корисни за граѓаните и според Вас што е она што не го објавува?**

**-Општина Охрид**

Соговорниците одговорија дека општина Охрид објавува многу информации од различни области но не ги објавува во целост сите информации кои се во интерес за јавноста како на пример информациите за реализација на буџетот.

**-Општина Струга**

Соговорниците одговорија дека општина Струга не објавува доволен број на информации и дека треба да објавува повеќе информации кои се во интерес за јавноста од сите области на нејзиното работење.

11. **Знаете ли кој е потпарол на општина Охрид/ Струга и колку често сте прочитале и слушнале негови изјави во јавноста?**

**-Општина Охрид**

Сите соговорници одговорија дека не им е познато кој е потпарол на општина Охрид во моментов и дека до сега не прочитале и не виделе негова изјава во јавноста

**-Општина Струга**

Сите соговорници одговорија дека не им е познато кој е потпарол на општина Струга во моментов и дека до сега не прочитале и не виделе негова изјава во јавноста

12. **Кое лице од охридската/струшката  локална самоуправа според Вас најчесто дава изјави за јавност?**

**-Општина Охрид**

Дел од соговорници одговорија дека најчесто во јавноста изјави дава грдоначалникот, а дел одговорија дека тоа го прави заменик градоначалникот или секретарот на општината.

**-Општина Струга**

Сите соговорници одговорија дека изјави во јавност од општина Струга единствено дава градоначалникот на општината.

13. **Што мислите околу тендерските постапки кои ги спроведува општина Охрид/Струга, дали истите се спроведуваат транспарентно?**

**-Општина Охрид**

Дел од соговорници одговорија дека не им е познато како се одвиваат тендерските постапки, дел од нив рекоа дека истите се одвиваат транспарентно, а дел од нив се сомневаат во транспарентноста на тендерите.

**-Општина Струга**

Сите соговорници одговорија дека не им е во целост познато како се одвиваат тендераските постапки, а дел од нив се сомневаат во транспарентноста на тендерите.

14. **Дали носењето на Буџетот на општина Охрид/Струга е транспарентно и дали реализирањето на истиот се одвива на транспарентен начин?**

**-Општина Охрид**

Дел од соговорници одговорија дека не им е познато како се носи Буџетот, дел од нив рекоа дека носењето на истиот се одвива транспарентно на седница на Совет, а дел од нив се сомневаат дека носењето на Буџетот и трошењето на средствата од истиот се одвиваат на транспарентен начин.

**-Општина Струга**

Дел од соговорници одговорија дека не им е познато како се носи Буџетот, дел од нив рекоа дека само носењето на Буџетот се одвива транспарентно бидејќи тоа се прави на седница на Совет, а дел од нив се сомневаат дека носењето на Буџетот и трошењето на средствата од истиот се одвиваат на транспарентен начин.

15. **Кое е Вашето мислење за вработувањата во општина Охрид/Струга, дали истите се одвиваат транспарентно?**

**-Општина Охрид**

Речиси сите соговорници одговорија дека вработувањата во општината не се одвиваат транспарентно

**-Општина Струга**

Речиси сите соговорници одговорија дека вработувањата во општината не се одвиваат транспарентно

## *II. Новинанарски искуства*

За да добиеме мислење од страна на медиумите односно на новинарите кои секојдневно објавуваат вести или прават новинарски истражувања за активностите кои ги спроведуваат општините Охрид и Струга и постојано имаат потреба од пристап до информации од јавен карактер, беше направена анонимна фокус група односно дискусија со неколку новинари кои работат во регионот на Охрид и Струга.

На новинарите им беа поставени неколку прашања поврзани со начинот на кој соработуваат со општините Охрид и Струга за прибирање на информации, за тоа колку општините се отворени кон потребите на новинарите и дали редовно и брзо им ги обезбедуваат информациите. Исто така новинарите беа запрашани и за тоа дали се задоволни од информациите кои општините ги објавуваат на своите веб страници и што е она што треба да го променат, како и низа други прашања поврзани со пристапот до информации кои им се секојдевно потребни.

### **За општина Охрид*

Новинарите сметаат дека општина Охрид има воспоставено добра професионална комуникација со новинарите, дека службата за односи со јавност е отворена за соработка и редовно им обезбедува инфорамции. Новинарите истакнаа дека веб страницата на општина Охрид е редовно ажурирана со информациите кои им се од корист, но сметаат дека истите се претежно од информативен и промотивен карактер.

Новинарите единствено има забелешка на информациите кои општината ги објавува за седниците на Советот на општина и дека освен дневниот ред за седниците треба да се практикува и објавување на материјалите за седниците.

### **За општина Струга*

Новинарите сметаат дека општина Струга има воспоставено задоволителна професионална комуникација со новинарите, но дека службата за односи со јавност не е доволно отворена за соработка и не секогаш редовно им обезбедува инфорамции. Новинарите истакнаа дека веб страницата на општина Струга не е редовно ажурирана и дека информациите кои се објавуваат на истата им се од корист, бидејќи истите се претежно од информативен и промотивен карактер.

Новинарите имаат позитивна забелешка на информациите кои општината ги објавува за седниците на Советот на општина бидејќи општина Струга има пракса заедно со дневниот ред да ги објавувува и материјалите за седницата.

# 5. ЗАКЛУЧОЦИ

Како резултат на истражувањето може да се заклучи дека практиките на транспарентност и отчетност не се непознати за општините Охрид и Струга. Од делот на деск истражувањето, со кое ги опфативме содржините на општинските веб страници, може да се заклучи дека општина Охрид повеќе ја користи својата веб страница за објавување на информации за јавноста, додека пак општина Струга не ја искористува во целост можноста за он-лајн информирање на граѓаните. Ова може да се види и од бројот на вести кои ги има во архивата на информациите за набљудуваниот период од една година. Во набљудуваниот период општина Охрид објавила 984 вести додека пак општина Струга само 65 вести.

Исто така резултатите кои се поместени во овој извештај покажуваат дека освен квантитетот различен е и квалитетот на објавените он-лајн содржини кои ги објавуваат двете општини. Општина Охрид во рамки на вестите објавува и фотографии, што не е редовна практика кај општина Струга. Исто така според мислењето на новинарите различно е и нивото на подготвеност или свесност на локалната администрација за користење на веб страницата како корисна алатка за креирањето на јавното мислење кај граѓаните и воспоставувањето на добра комуникација со медиумите.

Од интервјуата кои ги направивме со повеќе граѓани на овие две општини се потврди дека како најчести алатки кои се користат за иформирање на јавноста се вестите во медиумите и информациите кои се објавуваат на општинските веб страници, но сепак граѓаните сметаат дека нивото на транспарентност треба да биде многу повисоко.

Граѓаните на општина Охрид се информирани за работењето на својата и општина и тоа најчесто го прават преку медиумите. Тие сметаат дека општинската веб страница има солиден број на информации, но дека потребни се и дополнителни информации за одредени сегменти кои се од интерес за јавноста.

Граѓаните на општина Струга сметаат дека не се многу информирани за работењето на својата општината преку медиумите. Тие сметаат дека општинската страница нема солиден број на информации и дека потребен е поголем ангажман на надлежните општински служби за објавување на повеќе информации за активостите кои ги спроведува општина Струга.

# 6. ПРЕПОРАКИ

Како резултат на заклучоците од деск истражувањњето на веб страниците, општина Охрид не би требало да направи многу промени бидејќи редовно ја ажурира својата веб страница со дневни информации и има квалитетни и корисни содржини. Од табелата на показатели за транспарентност Охридската локална самоуправа не исполнува само еден показател. Тоа е показателот кој се оденесува на јавното објавување на материјали за седниците на Совет. Оваа забелешка ја посочија и новинарите кои сметаат дека овие материјали многу би им користеле во нивната работа, па општината треба да го практикува нивното објавување во иднина.

Општина Струга во делот на својата веб страница треба да да преземе низа мерки за подобрување на нејзната функционалност, а исто така треба да воспостави и практика за редовно ажурирање на дневните информации и да ги стави во функција сите линкови и содржини кои не се активни, а кои веќе ги има поставено на страницата. Од табелата на показатели за транспарентност Струшката локална самоуправа не ги исполнува показателите за Отворени јавни телефони, Нема објавено Статут на општината и Деловник за работа на Совет и не е активен линкот од Бирото за јавни набавки. Додавањето на овие содржини на веб страницата ќе значи многу за подигнување на транспарентноста во работењето. Исто така резултатите кои се поместени во овој извештај покажуваат дека освен поголем број на вести, општина Струга треба да објавува и вести со квалитетни фотографии и треба да овозможи истите да бидат слободно копирани, со цел да им бидат подостапни на новинарите за објавување.

Бидејќи како резултат на истражувањето се заклучи дека граѓаните на општините Охрид и Струга ги користат медиумите како најчеста алатка за иформирање, локалните самоуправи треба да воспостават односно да одржуваат квалитетна комуникација со медиумите и редовно да им доставуваат инфорамции за своите активности, планови и настани, а исто така треба повеќе да им излегуваат во пресрет на новинарите кога истите работат на одредена тема или истражувачка сторија.

# *СОДРЖИНА*


**1.ВОВЕД ......................................................................1**

**2.ПОЈДОВНА ТОЧКА ......................................................................2**

**3.ПРИСТАП И МЕТОДИ......................................................................2**

**Прв дел......................................................................2**

**Втор дел ......................................................................3**

**4.РЕЗУЛТАТИ......................................................................3**

**Прв дел......................................................................3**

**I.Пристап до информации на веб страница......................................................................4**

***Општина Охрид ......................................................................4**

***Општина Струга......................................................................6**

**II.Архива на вести и информации......................................................................7**

***Општина Охрид ......................................................................8**

***Општина Струга......................................................................9**

**Втор дел ......................................................................10**

**I.Граѓанско мислење......................................................................10**

**II.Новинанарски искуства ......................................................................15**

***За општина Охрид ......................................................................15**

***За општина Струга......................................................................15**

**5.ЗАКЛУЧОЦИ ......................................................................16**

**6.ПРЕПОРАКИ ......................................................................17**

**СОДРЖИНА......................................................................18**